Република Северна Македонија

**Инспекциски совет**

Арх. број: 04-1416/10

Датум: 20. 12. 2022

Врз основа на член 52, став (1) од Законот за административни службеници („Сл. весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Сл. весник на РСМ" 275/2019, 14/2020, 112/2021, 215/2021 и 99/2022), генералниот секретар на Инспекцискиот совет донесе:

## О Д Л У К А

За избор на кандидат по интерен оглас број 2/2022 за унапредување на административен службеник

1. По интерниот оглас бр.2/2022 за унапредување на административен службеник во Инспекцискиот совет, објавен на 07.12.2022 година на веб страните на Инспекцискиот совет и Агенцијата за администрација, од предложената финална ранг листа за работното место УПР 01 01 Б02 000 - Раководител на Сектор за следење, координација и заеднички работи, се избира кандидатот **Маја Срезоска**.
2. Кандидадот ќе биде унапреден на работното место од претходната точка по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за унапредување.
3. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за унапредување на раководен административен службеник формирана со Решение број 04-1416/7 од 19.12.2022 година, од генералниот секретар на Инспекциски совет, во функција на спроведување на постапка за унапредување на раководен административен службеник за извршување на работите од точка 1 од оваа одлука, а по објавувањето на интерниот оглас бр.2/2022 на 07.12.2022 година на веб страните на Инспекцискиот совет и Агенцијата за администрација, спроведе постапка за селекција за унапредување на наведеното раководно работно место.

По спроведената постапка за административна селекција и интервјуто спроведено од генералниот секретар на Инспекциски совет, Комисијата изготви Записник бр. 04-1416/9 од 20.12.2022 година заедно со финална ранг листа на кандидати од сите фази на селекцијата со Предлог кандидат за унапредување на раководен административен службеник по интерениот оглас бр. 2/2022, врз основа на кои генералниот секретар на Инспекциски совет изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

Правна поука: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација – Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен, во рок од 8 дена.

Генерален секретар
Сашо Мержаноски

Република Северна Македонија ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ Скопје KËSHILLI I INSPEKTORIATEVE Republika e Maqedonisë së Veriut Shkup

Доставено до:

- кандидатот
- Одделение за општи и заеднички работи
- архива

Инспекциски совет
Ул. „Даме Груев" бр. 3, блок 2, локал 5
Тел: (02) 3103-030